Уп. Бр.08-24/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука со регистрирано седиште на ул. Вука Караџиќа број 2, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина, на седницата одржана на ден 25.01.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука со регистрирано седиште на ул. Вука Караџиќа број 2, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина над друштвото ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука, со регистрирано седиште на ул. Видовданска број 8, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука со регистрирано седиште на ул. Вука Караџиќа број 2, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина, со која Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука ќе стекне контрола над друштвото ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука, со регистрирано седиште на ул. Видовданска број 8, Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Телекомуникације Републике Српске акционерско друштво Бања Лука - (МТЕЛ)** е регистриран оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи врз основа на дозволи од Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина на територијата на Босна и Херцеговина.

Поврзано лице на Подносителот на известувањето на територијата на Република Северна Македонија е:
- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Максим Горки" 11/1-кат 3, Скопје, Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичени телекомуникации, односно за давање сателитски услуги и реемитирање на телевизиски програми и сервиси („МТЕЛ ДООЕЛ").

**ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука** е оператор кој е носител на дозволи издадени од Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина за вршење дејности на оператор за јавни електронски комуникациски мрежи, дозволи за вршење дејности на давател на пристап до интернет и дозволи за користење поединечни негеографски/кратки броеви.

ТРИОН ТЕЛ ДОО Бања Лука нема поврзани правни лица ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**